# Владеење на правото во поглед на пристапувањето во ЕУ

краток документ

април-јуни 2024

Институт за европска политика. Скопје

Овој проект е финансиран од Европската унија



# Владеење на правото во поглед на пристапувањето во ЕУ

Квартален извештај април-јуни 2024


Издавач:
Институт за европска политика - Скопје

За издавачот:
д-р Симонида Кацарска

Уреднички:
д-р Симонида Кацарска
д-р Ардита Абази Имери



Автори:
Ангела Делевска
Беба Жагар
Јулијана Караи
Цветанка Александроска



Превод од англиски на македонски јазик:
Ана Попова Манасиевска

Лектор:
Дејан Василевски

Графички дизајн:
Релатив

Скопје, 2024

Овој извештај е подготвен во рамки на проектот „Градиме мостови за заедничка иднина: Владеењето на правото во насока на пристапувањето во ЕУ“, финансиран од Европската Унија. Содржината на овој краток документ за политики е единствена одговорност на авторите и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите и гледиштата на Европската Унија.



Овој краток документ дава преглед на клучните случувања поврзани со владеењето на правото во поглед на пристапувањето на Република Северна Македонија во ЕУ за периодот од април до јуни 2024 година. Тој вклучува **следење на основните елементи на пристапувањето во ЕУ, вклучувајќи ги и клучните случувања во областа на функционирањето на демократските институции, реформата на јавната администрација и Поглавјето 23: правосудство и темелни права.**

## Клучни случувања

» Првиот круг претседателски избори се одржа на 24 април, а кандидатите од ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ продолжија во вториот круг, кој се поклопи со парламентарните избори на осми мај.

» Кандидатката на ВМРО-ДПМНЕ стана првата жена претседател на Република Северна Македонија со добиени 65,14% од гласовите и беше инаугурирана на 12 мај.

» Коалицијата „Македонија повторно твоја", предводена од ВМРО-ДПМНЕ, освои 43,32% од гласовите на парламентарните избори, со што си обезбеди 58 пратенички места од вкупно 120 во Собранието. Лошите резултати на коалицијата предводена од СДСМ, која освои 15,37% од гласовите, доведе до внатрепартиски избори.

» Новоизбраното Собранието ја одржа првата седница на 28 мај, на која беа верификувани новите мандати и беше избран претседател на Собранието од редовите на Коалицијата ВРЕДИ.

» На 23 јуни, со 77 гласови, Собранието ја изгласа новата влада составена од членови на ВМРО-ДПМНЕ, ВРЕДИ и ЗНАМ.

» Проблеми со пристапот до местата за гласење за лицата со попреченост и понатаму постојат, при што некои од гласачките места не се достапни поради тоа што немаат лифтови или гласачко место на приземјето.

» Застапеноста на жените во новиот состав на Собранието и на Владата падна, со само 40 пратенички од вкупно 120 пратеници и 3 министерки од вкупно 24 министри, што значи и во обата случаи е помала од претходно. Исто така, во Собранието нема пратеник од ромската заедница.

» На осми јуни Собранието донесе измени и дополнувања на Законот за организација и работа на органите на државната управа со 88 гласа „за". Со измените се реорганизираа некои министерства, на пример Министерството за труд се спои со Министерството за економија, а се формираше и Министерство за социјална политика, демографија и млади, и се формираа нови министерства за спорт, енергетика, рударство и минерални суровини, култура и туризам, дигитализација, администрација и европски интеграции.

» Со формирањето на новата влада се интензивираа плановите за распуштање на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители, со што се јави загриженост кај дипломатскиот кор и стручната јавност заради потенцијална концентрација на моќ и нарушувања во работата на судството.

» Во мај 2024 година, врховен судија беше приведен затоа што примил поткуп во износ од 10.000 евра, што резултираше со претреси и докази за заговор со член на Советот на јавни обвинители. Судскиот совет му го одзеде имунитетот на судијата, го потврди неговиот притвор и ги заобиколи законските одредби за негово отстранување од функцијата.

» Судскиот совет ги измени и ги дополни своите правилници и прописи за рангирање на судските кандидати, воведе рокови за судска одговорност и донесе Комуникациска стратегија со Акциски план. Со измените и дополнувањата со кои се бараат индивидуализирани и објективни одлуки, како и нови критериуми за рангирање со посебен акцент врз квалитативните перформанси, делумно се реализираа пет од 17-те препораки на оценската мисија на ЕУ, чија цел беше да се подобри неговата работа без законски измени.

» Управниот и Вишиот управен суд ја потврдија одлуката на ДКСК против Академијата за судии и јавни обвинители за повреда на Изборниот законик и Законот за спречување корупција поради што беа поведени постапки против раководството на Академијата.

» На почетокот на јуни беше избран нов јавен обвинител за следење на кривични дела од омраза и случаи на дискриминација во Скопје.

» Петтата Парада на гордоста се одржа на 22 јуни во Скопје под мотото „Спектакуларно непослушни".



# Список на кратенки

| | |
|---|---|
| **АА** | Алијанса за Албанците |
| **ААВМУ** | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |
| **ЗНМ** | Здружение на новинари на Македонија |
| **ОЈО** | Основно јавно обвинителство |
| **КСЗД** | Комисија за спречување и заштита од дискриминација |
| **КСТ** | Европски комитет за спречување тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казна |
| **ГО** | Граѓанска организација |
| **ДУИ** | Демократска унија за интеграција |
| **ЕКЧП** | Европска конвенција за човекови права |
| **ЕСЧП** | Европски суд за човекови права |
| **ЕУ** | Европска унија |
| **ИВЗ** | Исламска верска заедница |
| **ЛГБТИ** | Лезбиски, геј, бисексуални, транс и интерсексуални лица |
| **ЗОРОДУ** | Закон за организација и работа на органите на државната управна |
| **МОН** | Министерство за образование и наука |
| **МНР** | Министерство за надворешни работи |
| **МИОА** | Министерство за информатичко општество и администрација |
| **МПЦ-ОА** | Македонска православна црква – Охридска архиепископија |
| **МВР** | Министерство за внатрешни работи |
| **ПС** | Пратеник во Собранието |
| **НАТО** | Северноатлантска договорна организација |
| **НАП** | Национален акциски план |
| **ОВП** | Отворено владино партнерство |
| **ОБСЕ/ОДИХР** | Организација за безбедност и соработка во Европа/Канцеларија за демократски институции и човекови права |
| **АЗЛП** | Агенција за заштита на лични податоци |
| **РСМ** | Република Северна Македонија |
| **ДКСК** | Државна комисија за спречување на корупцијата |
| **ДИК** | Државна изборна комисија |
| **СДСМ** | Социјалдемократскиот сојуз на Македонија |
| **ССНМ** | Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници |
| **ДЗС** | Државниот завод за статистика |
| **САД** | Соединети Американски Држави |
| **ВМРО-ДПМНЕ** | Внатрешна македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство |
| **ЗНАМ** | За наша Македонија |



# Содржина


**Функционирање на демократските институции ... 6**

Избори ... 7
Собрание ... 9
Владеење ... 10
Граѓанско општество ... 12
Граѓанска контрола врз безбедносниот/разузнавачкиот сектор ... 13
Реформа на јавната администрација ... 13

**Поглавје 23 ... 15**

Функционирање на судството ... 16
- Стратешки документи ... 16
- Управни тела ... 16
- Независност и непристрасност ... 17
- Отчетност ... 17
- Професионализам и компетентност ... 18
- Квалитет на правдата ... 18
- Ефикасност ... 19

Борба против корупцијата ... 20
- Државна комисија за спречување на корупција ... 20
- Јавно обвинителство ... 21

Темелни права ... 22
- Судска практика на Европскиот суд за човекови права ... 22
- Народниот правобранител ... 23
- Тортура и други форми на сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување ... 23
- Затворски и притворски установи ... 24
- Заштита на личните податоци ... 25
- Слобода на мисла, свест и вера ... 25
- Слобода на изразување ... 26
- Правата на детето ... 27
- Ранливи групи и начелото на недискриминација ... 27
- Род ... 29
- Говор на омраза ... 30
- ЛГБТИ+ ... 30
- Роми ... 30

# Функционирање на демократските институции



# Избори

На почетокот на април заврши претставувањето на листите за кандидати за пратеници, а нивното поднесување до Државната изборна комисија (ДИК) заврши на втори април.[1] На 12 април со ждрепка по случаен избор беше утврден редоследот на прифатените листи.[2]

На втори април, шест од седум претседателски кандидати го потпишаа Кодексот за фер и демократски избори. Кандидатот од партијата ГРОМ не се потпиша. Кодексот бараше од претседателските кандидати да се придржуваат до сите закони и да избегнуваат говор на омраза, за да се обезбедат на тој начин фер и успешни избори.[3] На 17 април, десет претставници на кандидатските листи за парламентарните избори во Република Северна Македонија го потпишаа и Кодексот за фер и демократски избори, обврзувајќи се на етичко однесување. Седум претставници на партии/коалиции кои поднесоа кандидатски листи не го потпишаа Кодексот,[4] а некои од помалите политички партии ја наведоа неправедната распределба на државните средства за изборен маркетинг како причина и тврдеа дека сегашниот систем на финансирање ги фаворизира големите партии, а со тоа се попречува политичкиот плурализам.[5]

Кампањата за првиот круг од претседателските избори почна на четврти април, а заврши на 22 април на полноќ.[6] На деветти април Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ААВМУ) утврди дека во платените политички реклами на двајца претседателски кандидати имало малолетни лица, со што бил прекршен член 76 став 3 од Изборниот законик. Следствено, на радиодифузерите им беше наложено да престанат да ги емитуваат тие реклами, а кандидатите беа повикани да ја усогласат содржината на нивната кампања со законските прописи.[7] За време на предизборната дебата на 21 април, претседателските кандидати ги споделија своите визии и програми на телевизија во живо, разговарајќи за теми, на пример, како рамнотежата на извршната власт, уставните промени, интеграцијата во ЕУ, демографијата и општествените поделби.[8] Кампањата за парламентарните избори почна на 18 април, при што кандидатите ги презентираа своите платформи низ целата земја, а заврши на шести мај.[9]

Првично, Владата ги прогласи 24 април и 8 мај за неработни денови, но „препорача“ само приватниот сектор да го следи примерот, што предизвика збунетост. На средината на април, владата појасни дека овие денови ќе бидат неработни за сите, наложувајќи усогласеност на приватниот сектор за да се осигури работниците да можат слободно да учествуваат на изборите.[10]

---

1 Поднесени 17 листи на пратеници за парламентарните избори до ДИК, Независен весник, 3 април 2024, https://nezavisen.mk/podneseni-17-listi-na-prateni-ci-za-parlamentarnite-izbori-do-dik/.

2 ДИК го утврди редоследот на кандидатските листи за изборите, Радио Слободна Европа, 12 април 2024, https://www.slobodnaevropa.mk/a/32903092.html.

3 Кандидатите за претседател потпишаа Кодекс за фер и демократски избори, Радио Слободна Европа, 2 април 2024, https://www.slobodnaevropa.mk/a/32888142.html.

4 Политичките партии и коалиции потпишаа Кодекс за фер и демократски избори за претстојните парламентарни избори, официјална интернет-страница на Државната изборна комисија, 17 април 2024, https://www.sec.mk/politichkite-partii-i-koalicii-potpishaa-kodeks-za-fer-i-demokratski-izbori-za-pretstojnite-parlamentarni-izbori/.

5 Парите за политички маркетинг причина дел од помалите партии да не го потпишат Кодексот за фер и демократски парламентарни избори, 360 степени, 17 април 2024, https://360stepeni.mk/parite-za-politichki-marketing-prichina-del-od-pomalite-partii-da-ne-go-potpishat-kodeksot-za-fer-i-demokratski-parlamentarni-izbori/.

6 Почнува кампањата за претседателските избори, 360 степени, 4 април 2024, https://360stepeni.mk/pochnuva-kampanata-za-pretsedatelskite-izbori/.

7 Радиодифузерите да не емитуваат ППР со малолетници, официјална интернет-страница на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, 9 април 2024, https://bit.ly/3SnccvC.

8 Предизборно соочување на претседателските кандидати: Ветуваат подобра иднина за државата, спротивставени ставови за уставните измени, Телма, 21 април 2024, https://telma.com.mk/2024/04/21/predizborno-soochuvane-na-pretsedatelskite-kandidati-vetuvaat-podobra-idnina-za-drzhavata-sprotivstaveni-stavovi-za-ustavnite-izmeni/.

9 Стартува кампањата за парламентарните избори, уште пет дена претседателска кампања, 18 април 2024, https://telma.com.mk/2024/04/18/startuva-kampanata-za-parlamentarnite-izbori-ushte-pet-dena-pretsedatelska-kampana/.

10 Владата одлучи средите на 24 април и на 8 мај да бидат неработни и за приватните фирми, Сакам да кажам, 16 април 2024, https://sdk.mk/index.php/izbori-2024/vladata-odluchi-sredite-na-24-april-i-na-8-maj-da-bidat-nerabotni-i-za-privatnite-firmi/.

Првиот круг од седмите претседателски избори се одржа на 24 април. Гласањето за дијаспората, затворениците и болните и изнемоштените се одржа ден порано. Беа евидентирани вкупно 1.814.317 гласачи,[11] а изборите ги следеа 915 домашни и 544 странски набљудувачи.[12]

Министерството за внатрешни работи (МВР) соопшти дека изборниот процес беше мирен, безбеден и демократски, без поголеми инциденти. Тие забележале дванаесет случаи на фотографирање гласачки ливчиња, два на кинење гласачки ливчиња, шест пријави за поткуп и петнаесет пријави за прекин на гласачките места.[13] ОБСЕ/ОДИХР го оцени првиот круг од претседателските избори како генерално позитивен и мирен, притоа истакнувајќи дека некои процедури за броење не биле соодветно следени. Констатираа и остра и негативна реторика за време на политичката кампања, етнички поделби и нејасни одредби во изборниот законик.[14] Учествуваа речиси половина од гласачите со право на глас (49,93%). Кандидатите од двете големи партии, ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, се пласираа во вториот круг, но кандидатката на ВМРО-ДПМНЕ имаше значително водство во првиот круг.[15]

По првиот круг на претседателските избори, политичките кампањи се интензивираа, при што ВМРО-ДПМНЕ сугерираше дека планира коалиција со ВРЕДИ и евентуално со ЗНАМ (За наша Македонија) за влада по изборите.[16] Ова предизвика реакција од Демократската унија за интеграција (ДУИ), која тврдеше дека владините коалиции треба да се придржуваат до принципот на партнерство на водечките македонски и албански партии.[17]

Вториот круг од претседателските избори и парламентарните избори се одржаа на осми мај и беа набљудувани од 1.303 домашни и 860 странски набљудувачи.[18] И МВР и Привремената комисија за следење на изборите при Јавното обвинителство го оценија денот на изборите како мирен.[19, 20] Набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР заклучи дека изборите биле конкурентни и ги почитувале основните слободи. Таа истакна дека на неодамнешните измени и дополнувања на Изборниот законик им недостигало транспарентност и јавна консултација, а клучните препораки за пристап до медиумите и финансирањето на кампањите останале нерешени. Предизборниот период беше нарушен со негативна реторика и обвинувања за купување гласови, што ја намали довербата во процесот. Дополнително, политичкото учество на жените остана на ниско ниво.[21]

Кандидатката на ВМРО-ДПМНЕ освои 65,14% од гласовите со што стана првата жена претседател[22] на Република Северна Македонија и беше инаугурирана на 12 мај.[23] Одлучувачка победа на парламентарните избори обезбеди коалицијата „Македонија повторно твоја“, предводена од ВМРО-ДПМНЕ, со освоени 43,32% од гласовите. Наспроти нив, коалицијата предводена од СДСМ ги постигна

11 Граѓаните гласаат за седми претседател на државата, Сител, 24 април 2024, https://sitel.com.mk/gragjanite-glasaat-za-sedmi-pretsedatel-na-drzhavata.

12 Изборите ги следат 915 домашни и 544 странски набљудувачи, Канал 5, 24 април 2024, https://kanal5.com.mk/-izborite-gi-sledat-915-domashni-i-544-stranski-nabljuduvachi/a637047.

13 Тошковски и Бојмацалиев: Граѓаните гласаа за избор на претседател на државата, во мирна, безбедна и демократска атмосфера, официјална интернет-страница на Министерството за внатрешни работи, 24 април 2024, http://mvr.gov.mk/vest/31218/.

14 ОБСЕ/ОДИХР: Изборниот ден позитивно оценет, забелешки за кампањата, Радио Слободна Европа, 25 април 2024, https://www.slobodnaevropa.mk/a/32920691.html.

15 Течат роковите за приговори до ДИК, нема прегласување на трите избирачки места во Куманово, Нова Македонија, 25 април 2024, https://novamakedonija.com.mk/makedonija/techat-rokovite-za-prigovori-do-dik-nema-preglasuvanje-na-trite-izbirachki-mesta-vo-kumanovo/.

16 Партиите бараат од граѓаните масовно да излезат на гласање на 8 мај, ВМРО-ДПМНЕ се изјасни дека би формирала влада со Вреди, 24.mk, 29 април 2024, https://24.mk/details/partiite-baraat-od-gra-anite-masovno-da-izlezat-na-glasanje-na-8-maj-vmro-dpmne-se-izjasni-deka-bi-formirala-vlada-so-vredi.

17 Постизборни коалиции причина за кавга меѓу политичките партии, Радио Слободна Европа, 2 мај 2024, https://www.slobodnaevropa.mk/a/32930853.html.

18 Двојните избори ќе ги следат 1.303 домашни и 860 странски набљудувачи, Радио Слободна Европа, 7 мај 2024, https://www.slobodnaevropa.mk/a/32936901.html.

19 МВР: Гласањето генерално мирно, не се регистрирани нарушувања на јавниот ред и мир, Радио Слободна Европа, 8 мај 2024, https://www.slobodnaevropa.mk/a/32938145.html.

20 Гласањето се одвива мирно, без поголеми нарушувања на изборниот процес, Радио Слободна Европа, 8 мај 2024, https://www.slobodnaevropa.mk/a/32938202.html.

21 ОБСЕ/ОДИХР: Изборите беа конкурентни, забелешки за изборното законодавство, Радио Слободна Европа, 9 мај 2024, https://www.slobodnaevropa.mk/a/32939858.html.

22 Гордана Сиљановска Давкова ќе стане првата жена претседател, Радио Слободна Европа, 8 мај 2024, https://www.slobodnaevropa.mk/a/pretsedatel-siljanovska-izbori/32938587.html.

23 Инаугурација во Собранието на новоизбраната претседателка на државата Гордана Сиљановска Давкова, официјална интернет-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 12 мај 2024, https://www.sobranie.mk//ns-newsarticle-inuguracija-vo-sobranieto-na-novoizbranata-pretsedatelka-na-drzavata-gordana-silanovska-davkova.nspx.

своите најслаби резултати со освоени само 15,37% од гласовите, што доведе до внатрепартиски избори.[24] Распределбата на пратеничките местата во 120-членото Собрание е следната: Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ има 58 пратенички места; Коалицијата предводена од ДУИ има 18 пратенички места; Коалицијата предводена од СДСМ има 18 пратенички места; ВРЕДИ има 14 пратенички места, Левица има 6 пратенички места; и ЗНАМ има 6 пратенички места.

# Собрание

Во април беше формирана меѓупартиската парламентарна група против корупција од пратеници од парламентарниот состав 2020-2024 за да се зајакне улогата на Собранието во борбата против корупцијата. Клучните области вклучуваат здравство, енергетика, реформа на државната администрација и градежништво. Групата планира да се сретне со релевантните институции врз основа на наодите на Државниот завод за ревизија, Државната комисија за спречување на корупцијата и граѓанските организации за решавање на клучните прашања и подобрување на квалитетот на законодавството и надзорот.[25]

Претседателот на Собранието на 23 мај ја закажа конститутивната седница на новоизбраното Собрание за 28 мај 2024 година, која ја води најстариот пратеник. Седницата, ограничена на три дена според новиот деловник, имаше цел да се изберат Верификационата комисија, Комисијата за прашања на изборите и именувањата и претседател на Собранието.[26] На оваа седница беа верификувани 118 мандати, а избран беше и нов претседател на Собранието од коалицијата ВРЕДИ. Шест пратеници ги суспендираа своите позиции во Владата за да се сосредоточат на должностите во Собранието. Премиерот на преодно-техничката влада, кој доби и пратенички мандат, најави дека ќе ја задржи функцијата до изборот на новата влада и дека нема да учествува во активностите на Собранието за тоа време.[27] Пратениците од Левица кон крајот на јуни поднесоа заедничка кривична пријава против претседателот на Собранието за „несовесно работење во службата“ поради тоа што не му го одзеде мандатот на овој пратеник со оглед на уставна неусогласеност со неговата премиерска функција во техничката – преодна влада.[28]

На трети јуни, Парламентарниот институт организираше воведна седница за новоизбраните пратеници, на која беа дадени информации за организацијата, процедурите, надзорната улога, донесувањето на буџетот и етичката рамка на законодавната власт. Според статистиката на Парламентарниот институт, речиси половина од новите пратеници се избрани по првпат.[29]

Собранието на осми јуни со 88 гласа „за“ ги изгласа измените на Законот за организација и работа на органите на државната управа по средбата меѓу ВМРО-ДПМНЕ и Европскиот фронт, на која беше обезбедено потребното двотретинско мнозинство. Измените, со кои се реорганизираат министерствата и државната администрација, се соочија со критики од пратениците на СДСМ

24 Ковачевски: Резултатот е разочарувачки, повикувам на нови внатрешни избори во СДСМ, Радио Слободна Европа, 8 мај 2024, https://www.slobodnaevropa.mk/a/32938666.html.

25 Формирана меѓупартиска антикорупциска група за унапредување на улогата на Собранието во спречувањето на корупцијата, официјална интернет-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 22 април 2024, https://www.sobranie.mk//ns-newsarticle-formirana-megupartiska-antikorupcis-ka-grupa-za-unapreduvane-na-ulogata-na-sobranieto-vo-sprecuvaneto-na-korupcijata.nspx.

26 По консултациите со парламентарните партии, претседателот Митрески ќе ја закаже конститутивната седница на 28 мај во 11 часот, официјална интернет-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 23 мај 2024, https://www.sobranie.mk//ns-newsarticle-po-konsultaciite-so-parlamentarni-te-partii-pretsedatelot-mitreski-ke-ja-zakaze-konstitutivnata-sednica-na-28-maj-vo-11-casot.nspx.

27 Конституиран новиот собранискиот состав, Гаши нов спикер, 24.mk, https://24.mk/details/konstituiran-noviot-sobraniski-sostav-gashi-nov-spiker.

28 Левица поднесе кривична пријава против Африм Гаши поради неодземањето на мандатот на Талат Џафери, А1 Оn, 27 јуни 2024, https://a1on.mk/macedo-nia/levica-podnese-krivichna-prijava-protiv-afrim-gashi-poradi-neodzemanjeto-na-mandatot-na-talat-dzhaferi/.

29 Воведна сесија за новоизбраните пратеници, официјална интернет-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 3 јуни 2024, https://www.sobranie.mk//ns-newsarticle-vovedna-sesija-za-novoizbranite-pratenici.nspx.

и Левица, кои тврдеа дека се политички мотивирани и немаат соодветна анализа.[30] На 23 јуни, по дводневна расправа, Собранието со 77 гласа „за“ ја избра новата Влада. Новата влада брои 20 министерства, вклучително и нови и реорганизирани министерства, со членови од ВМРО-ДПМНЕ, ВРЕДИ и ЗНАМ.[31]

На 20 јуни, Собранието одржа дводневна седница со парламентарци од единаесет собранија, која заврши со декларација за унапредување на регионалната соработка и социоекономските реформи, истовремено промовирајќи ја демократијата. Ова го означи крајот на претседавањето на Република Северна Македонија со Парламентарното собрание на Процесот за соработка во југоисточна Европа, а Албанија ќе биде следниот претседавач.[32]

# Владеење

На својата 16-та седница на средината на април, Владата ја донесе реформската нацрт-агенда 2024-2027 во рамките на Планот за раст за Западен Балкан. Агендата ги наведува клучните реформски приоритети, рокови и цели за усогласување со ЕУ пред конечното донесување. Клучните области вклучуваат јавна администрација, јавни финансии, дигитални и зелени транзиции, човечки капитал, деловно опкружување и владеење на правото.[33]

Според извештајот на Фридом хаус за земјите во транзиција од деветти април, Република Северна Македонија е класифицирана како „цикличен хибрид“, што посочува дека промените на владата и политичкото раководство не доведоа до значителни реформи. Извештајот нагласува дека Република Северна Македонија останува оптоварена со корумпирани покровителски мрежи, при што моќта е концентрирана меѓу неколку партии. Во текот на изминатата година, земјата се соочи со назадување во владеењето на правото, корупција на високо ниво и жестоки дебати за уставните амандмани потребни кон пристапување во ЕУ.[34] Потоа, во април, во Извештајот на Стејт департментот за човековите права се забележува дека Владата на Република Северна Македонија презела ограничени активности за идентификување и казнување на лицата одговорни за кршење на човековите права. Извештајот, исто така, го нагласува неделотворното спроведување на кривичните казни за корупција и промените во Кривичниот законик што значително ги намалија обвиненијата и казните за кривични дела поврзани со корупција.[35]

За време на предизборната кампања и веднаш по изборите, главна тема станаа односите со Грција и Бугарија. Се случи контроверзна ситуација кога новата претседателка за време на нејзината заклетва ја именуваше земјата како „Република Македонија“ наместо „Република Северна Македонија“, што предизвика дипломатска загриженост кај Министерството за надворешни работи на Република Грција и претставниците на ЕУ, кои ја истакнаа важноста да се придржува до Договорот од Преспа.[36]

30 Усвоен Законот за реорганизација на министерствата, Дојче веле, 8 јуни 2024, https://www.dw.com/mk/usvoen-zakonot-za-reorganizacija-na-ministerstvata-namesto-16-ke-ima-20/a-69309528.

31 Мицкоски ја презеде премиерската функција, Радио Слободна Европа, 24 јуни 2024, https://www.slobodnaevropa.mk/a/33006767.html.

32 Усвоена финална Декларација на 11. пленарна сесија на ПСЈИЕ, официјална интернет-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 20 јуни 2024, https://www.sobranie.mk//ns-newsarticle-usvoena-finalna-deklaracija-na-11-plenarna-sesija-na-psjie.nspx.

33 Од 15. и 16. владина седница: Уште еден чекор кон унапредување на статусот на специјализантите – Одлука, нивните права и обврски да се уредат со закон, официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија, 16 април 2024, https://vlada.mk/node/36332.

34 „Nations in Transit 2024: A region reordered by autocracy and democracy“ (Држави во транзиција 2024: Регион преуреден од автократија и демократија) (Freedom House, 9 април 2024), https://freedomhouse.org/sites/default/files/2024-04/NIT_2024_Digital_Booklet.pdf.

35 „Годишен извештај за состојбата со човековите права во Република Северна Македонија за 2023 година“, Стејт департмент на САД, 23 април 2024, https://www.state.gov/reports/2023-country-reports-on-human-rights-practices/north-macedonia/.

36 „North Macedonia President-elect sparks row with Greece at swearing-in“ (Новоизбраната претседателка на Република Северна Македонија предизвика расправија со Грција при полагањето заклетва), Politico, 12 мај 2024, https://www.politico.eu/article/north-macedonia-president-elect-sparks-row-with-greece-swearing-in-ceremony/.

Како одговор, од Кабинетот на претседателката појаснија дека ќе се користи официјалното уставно име „Република Северна Македонија“, но дека претседателката го задржува правото да користи „Македонија“ како личен израз на самоопределување и идентитет.[37] Новиот премиер изјави дека Владата мора да ги следи законите и Уставот во однос на употребата на уставното име. Сепак, тој нема да ја користи придавката „Северна“ во изјавите.[38] Тој најави и дека новата влада планира да преговара со Бугарија за најмалку три нови можни решенија. Исто така, тој верува дека рамката за преговори со ЕУ може да се ревидира и ќе бара гаранции дека нема да има дополнителни билатерални услови од Бугарија.[39]

Министерството за надворешни работи и надворешна трговија потврди дека Република Северна Македонија целосно ги почитува своите меѓународни обврски, вклучително и Договорот од Преспа, како одговор на загриженоста искажана од премиерите на Грција и Бугарија на состанокот на Европскиот совет за придржувањето на земјата кон обврските за пристапување во ЕУ.[40] Новиот министер за надворешни работи и надворешна трговија присуствуваше на состанокот за дипломатијата на ЕУ и Западен Балкан што се одржа во рамките на Европскиот совет за надворешни работи кон крајот на јуни, каде што ја истакна посветеноста на новата влада за реформи и интеграција во ЕУ.[41] Тој се сретна и со генералниот секретар на НАТО, при што ја потврди посветеноста на земјата на членството во НАТО, поддршката на политиката за одбрана и одвраќање и континуирана поддршка на Украина.[42]

Коалициските партнери ВМРО-ДПМНЕ и Вреди најавија планови за укинување на балансерот по наоѓањето друго законско решение што ќе обезбеди еднаква застапеност.[43] Премиерот изјави дека оваа одлука следува по препораката на ЕУ што произлегува од скрининг-процесот поради нефункционалноста и злоупотребата на алатката, негирајќи каква било намера за одземање право на заедниците.[44] На 28 јуни, министерот за дигитална трансформација најави промени во балансерот заради усогласување со резултатите од пописот од 2021 година, исклучувајќи ги оние што живеат во странство и наведувајќи дека ова е првиот чекор кон целосно укинување на алатката, а истовремено обезбедувајќи правична етничка застапеност.[45] Опозициските партии, ДУИ и Алијансата за Албанците (АА), го критикуваа потегот, тврдејќи дека се поткопува принципот на правична застапеност, што е клучен аспект на Охридскиот рамковен договор.[46]

---

37 Кабинет на претседателот: Сиљановска ќе се придржува до официјалната примена на уставното име, а може да го употребува името Македонија како чин на лично право, Слободен печат, 13 мај 2024, https://www.slobodenpecat.mk/kabinet-na-pretsedatelot-siljanovska-kje-se-pridrzhuva-do-oficijalnata-primena-na-ustavnoto-ime-a-mozhe-da-go-upotrebuva-imeto-makedonija-kako-chin-na-lichno-pravo/.

38 Мицкоски: Не можеме да се правиме наудрени дека уставното име не е дел од правниот систем, Вечер, 19 јуни 2024, https://bit.ly/3y5hoh5.

39 Мицкоски: Можна е промена на преговарачката рамка, ќе бараме решение со новата Влада во Бугарија, 360 степени, 25 јуни 2024, https://360stepeni.mk/mitskoski-mozhna-e-promena-na-pregovarachkata-ramka-ke-barame-reshenie-so-novata-vlada-vo-bugarija/.

40 МНР: Во целост ги почитуваме обврските од меѓународните договори, 360 степени, 28 јуни 2024, https://360stepeni.mk/mnr-vo-tselost-gi-pochituvame-obvrskite-od-megunarodnite-dogovori/.

41 Муцунски на средба со Вархеји: Новата Влада е силно посветена на реформската агенда и европските интеграции, Сител, 24 јуни 2024, https://sitel.com.mk/mucunski-na-sredba-so-varheji-novata-vlada-e-silno-posvetena-na-reformskata-agenda-i-evropskite.

42 Муцунски: Во сложениот геополитички контекст во Европа мораме да бидеме одговорна членка на НАТО, Република, 25 јуни 2024, https://republika.mk/vesti/makedonija/mutsunski-vo-slozheniot-geopolitichki-kontekst-vo-evropa-morame-da-bideme-odgovorna-chlenka-na-nato-2/.

43 Се бара решение за балансерот – коалиционите партнери отворија пат за негово модифицирање, 24.mk, 26 јуни 2024, https://24.mk/details/se-bara-reshenie-za-balanserot-koalicionite-partneri-otvorija-pat-za-negovo-modificiranje.

44 Мицкоски: Бришење на балансерот е резултат на скрининг процесот со ЕУ, Канал 5, 26 јуни 2024, https://kanal5.com.mk/mickoski-brishenje-na-balanserot-e-rezultat-na-skrining-procesot-so-eu/a646648.

45 Балансерот заминува во историјата, 24.mk, 28 јуни 2024, https://24.mk/details/balanserot-zaminuva-vo-istorijata.

46 ДУИ и АА реагираат на најавата за укинување на балансерот: Се напаѓа еден од главните столбови на Охридскиот договор, 360 степени, 28 јуни 2024, https://360stepeni.mk/dui-i-aa-reagiraat-na-najavata-za-ukinuvane-na-balanserot-se-napaga-eden-od-glavnite-stolbovi-na-ohridskiot-dogovor/.

# Граѓанско општество

На први април, вицепремиерот за европски прашања се сретна со претставници на граѓанското општество со цел да продискутираат за дијалогот и соработката помеѓу владата и граѓанските организации (ГО) во текот на мандатот на владата. На средбата беше истакната потребата од интензивирана соработка со граѓанското општество со цел членство во ЕУ, усогласување со европските норми и спроведување на реформите.[47]

На шести јуни, еко-активисти од шест граѓански организации поднесоа иницијатива до Уставниот суд за оспорување на одредбите 17 и 18 од Изборниот законик. Тие тврдат дека овие одредби прекршуваат четири уставни членови и значително ги влошуваат условите за поднесување независни кандидатски листи со зголемувањето на прагот на потписи. Активистите тврдат дека промените се во корист на политичките партии и им штетат на учеството на граѓанските здруженија на изборите, така поткопувајќи го демократскиот процес.[48]

Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата упати критики до Собранието за затворениот и неконсултативен процес во однос на предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за организација на работата на органите на државната управа. Тие го критикуваа и формирањето на три нови министерства и реорганизацијата на државната администрација без темелна анализа. Платформата нагласува дека овој пристап штети на соработката и довербата меѓу граѓанското општество и креаторите на политиките.[49]

Во јуни, претставници на граѓанското општество од земјата учествуваа на Форумот на ЕУ за граѓанското општество од Западен Балкан и Турција. На настанот се истакна потребата од појасни насоки и механизми за спроведување во однос на улогата на граѓанското општество во набљудувањето на Планот за раст, нагласувајќи дека јавната консултација е законски услов во рамките на надзорот на ЕУ. Постојаните предизвици вклучуваат недоследно спроведување на законските рамки. Иако соработката се прошири за да вклучи различни засегнати страни, негувањето доверба останува од суштинско значење. Зајакнувањето на секторот бара диверзификација на финансирањето, давање приоритет на локалната стручност, партнерство со приватниот сектор и инвестирање во човечки ресурси за да им служи подобро на граѓаните.[50]

47 Маричиќ на средба со граѓанските организации: „Соработка и дијалог со граѓанското општество“, Канал 5, 1 април 2024, https://kanal5.com.mk/marichikj-na-sredba-so-gragjanskite-organizacii-sorabotka-i-dijalog-so-gragjanskoto-opshtestvo/a633291.

48 Граѓански организации бараат оценување на уставноста на одредби од Изборниот законик, иницијативата ја поднесоа до Уставен, 360 степени, 6 јуни 2024, https://360stepeni.mk/graganski-organizatsii-baraat-otsenuvane-na-ustavnosta-na-odredbi-od-izborniot-zakonik-initsijativata-ja-podnesoa-do-ustaven/.

49 Реакција за отсуство на консултативен процес за измена на системскиот Закон за организација на работата на органите на државна управа, Транспаренси интернешнл – Македонија, 7 јуни 2024, https://transparency.mk/2024/06/07/reakcija-za-otsustvo-na-konsultativen-proces-za-izmena-na-sistemskiot-zakon-za-organizacija-na-rabotata-na-organite-na-drzhavna-uprava/.

50 „EU Civil Society Forum for the Western Balkans and Türkiye“ (Форум на ЕУ за граѓанското општество од Западен Балкан и Турција), EU TACSO 3 LinkedIn Post, 17 јуни 2024, https://www.linkedin.com/posts/eutacso3_eucsoforum2024-civilsociety-westernbalkans-activity-7208407311160160256-Qibv/?utm_source=share&utm_medium=member_desktop.

# Граѓанска контрола врз безбедносниот/разузнавачкиот сектор

Во април, директорот на Агенцијата за разузнавање тврдеше дека во Република Северна Македонија за време на предизборниот период имало кинеска и руска пропаганда, која промовирала евроскептицизам и предлагала алтернативи како БРИКС и Евроазиската унија. Меѓутоа, тој не даде конкретни докази ниту идентификуваше конкретни политички или медиумски актери кои биле инволвирани.[51]

Во јуни беше именуван нов директор на Агенцијата за разузнавање по разрешувањето на претходниот директор пред истекот на неговиот мандат. Имаше промена и на функцијата заменик-директор. Од Кабинетот на претседателката не ги соопштуваат причините за разрешувањето.[52] Поранешниот директор тврдеше дека партискиот притисок врз претседателката довел до негова смена.[53] Како одговор, сега владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ го обвини поранешниот директор за партиска пристрасност. Тврдеа дека, под влијание на поранешната владејачка коалиција на СДСМ и ДУИ, организирал рации против медиуми и поединци кои ја критикувале поранешната власт.[54]

# Реформа во јавната администрација

Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА)[55] од 15 до 16 мај одржа поединечни работни состаноци за приоритетните области од Националниот акциски план за партнерство за отворена власт 2024-2026 (НАП). Целта на состаноците беше да се поддржи спроведувањето и известувањето за НАП. Се разговараше за организацијата на процесот на спроведување на заложбите и достигнувањата на НАП, вклучително и работењето на подгрупите, подготовката на документи за имплементација на НАП и користењето на порталот www.ovp.gov.mk.[56]

На петти јуни се одржа втората седница на Советот за координација и следење на процесот Отворено владино партнерство (ОВП) 2024-2026. Беа разгледани, дискутирани и изгласани клучните прашања за функционирањето на Советот, како што се донесувањето на Деловникот за работа на Советот и изборот на копретседатели на Советот. Членовите на Советот беа информирани за моменталната состојба во ОВП на национално и глобално ниво.[57]

51 Разузнавачите „ловат" сигнали на кинеска пропаганда во изборите, Радио Слободна Европа, 29 април 2024, https://www.slobodnaevropa.mk/a/kina-propaganda-razuznavanje/32916172.html.

52 Женски тандем на чело на Агенцијата за разузнавање, не е соопштено зошто е сменет директорот Еролд Муслиу, Телма, 28 јуни 2024, https://telma.com.mk/2024/06/28/zhenski-tandem-na-chelo-na-agenczijata-za-razuznavane-ne-e-soopshteno-zoshto-e-smenet-direktorot-erold-musliu/.

53 Сиљановска-Давкова попушти под партиски притисоци, вели разрешениот директор на Агенцијата за разузнавање Еролд Муслиу, Сакам да кажам, 28 јуни 2024, https://sdk.mk/index.php/makedonija/silanovska-davkova-popushti-pod-partiski-pritisotsi-veli-razresheniot-direktor-na-agentsijata-za-razuznavane-erold-musliu/.

54 ВМРО-ДПМНЕ: Муслиу од Агенцијата за разузнавање направи партиски штаб на СДСМ, безобразно е да зборува за мерит-систем, 360 степени, 28 јуни 2024, https://360stepeni.mk/vmro-dpmne-musliu-od-agentsijata-za-razuznavane-napravi-partiski-shtab-na-sdsm-bezobrazno-e-da-zboruva-za-merit-sistem/.

55 Со новиот Закон за реорганизација на органите на државната управа МИОА е поделено на две посебни министерства, Министерство за јавна администрација и Министерство за дигитална трансформација.

56 Одржани работни средби со работната група со сите чинители за спроведување на националниот Акциски план за партнерство за отворена власт 2024-2026 година, официјална интернет-страница на Министерството за информатичко општество и администрација, 17 мај 2024, https://mioa.gov.mk//mk-MK/news/odrzani-rabotni-sredbi-so-rabotnata-grupa-so-site-ciniteli-za-sproveduvane-na-nacionalniot-akciski-plan-za-partnerstvo-za-otvorena-vlast-2024-2026-godina.nspx.

57 Одржана втора седница на Советот за координација и следење на процесот на партнерството за отворена власт 2024-2026 година, официјална интернет-страница на Министерството за информатичко општество и администрација, 6 јуни 2024, https://mioa.gov.mk//mk-MK/news/odrzana-vtora-sednica-na-sovetot-za-koordinacija-i-sledene-na-procesot-na-partnerstvoto-za-otvorena-vlast-2024-2026-godina.nspx.

На седми јуни Собранието со 88 гласа „за“, 22 „против“ и без воздржани го донесе Законот за организација и работа на органите на државната управа (ЗОРОДУ). Овој забрзан процес овозможува трансформација на ресорите во идната влада, зголемувајќи го бројот на министерства од 16 на 20. Предлагачот на новиот ЗОРОДУ беше идниот мандатар и лидер на ВМРО-ДПМНЕ.[58] Законот е донесен без консултативен процес и јавна расправа, по скратена постапка и без процена на влијанието на регулативата (ПВР).

Со измените и дополнувањата се предвидува додавање на секторот труд во Министерството за економија, а претходно Министерството за труд и социјална политика да стане Министерство за социјална политика, демографија и млади. Министерството за спорт ќе ја наследи Агенцијата за млади и спорт, а дел од надлежностите на Министерството за економија во рударството и енергетиката ќе бидат дел од надлежностите на новото Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини.[59] Надлежностите за туризмот ќе бидат во рацете на новото Министерство за култура и туризам. Ќе се формираат Министерство за дигитална трансформација и Министерство за администрација, кои ќе го наследат претходното Министерство за информатичко општество и администрација.[60] Секретаријатот за евроинтеграции ќе стане Министерство за евроинтеграции.[61]

Според образложението за законот, проект финансиран од ЕУ за реорганизација на органите на државната управа и напорите за модернизација на инспекциските служби откриле значителни недостатоци во државниот апарат поради несоодветна институционална структура. Во моментов, интервенцијата во надлежностите на министерствата се води од три клучни мотиви: прво, постојат нејасности во распределбата на овластувањата меѓу министерствата; второ, распределбата на функциите е често ирационална, со неповрзани области групирани во една институција; трето, стратешките приоритети на земјата не се соодветно отсликани во институционалната рамка, бидејќи постојат само како единици во одредени министерства.[62]

МИОА го подготви нацртот на првиот Годишен извештај за спроведување на Акцискиот план на Стратегијата за РЈА за 2023-2026 и на 17 јуни испрати барање за забелешки/коментари до ГО.

58 Со 88 гласа „за“ усвоен Законот за реорганизација на министерствата во Владата, ВОА, 8 јуни 2024, https://mk.voanews.com/a/so-88-glasa-za-usvoen-zakonot-za-reorganizacija-na-ministerstvata-vo-vladata/7647926.html.

59 Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа, по скратена постапка, официјална интернет-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 6 јуни 2024, https://www.sobranie.mk/3dd20cf2-0cd7-45c1-8c75-0256c280d426.

60 Исто.

61 Исто.

62 Исто.

# Поглавје 23



# Функционирање на судството

## Стратешки документи

Во текот на периодот опфатен со овој извештај не се забележани позначајни случувања, пред сѐ поради пред- и пост-изборните активности и формирањето на новата влада.

## Управни тела

Во мај 2024 година, како дел од Акцискиот план донесен во февруари како одговор на препораките[63] на оценската мисија на ЕУ, Судскиот совет го измени Деловникот за работа на Судскиот совет, како и Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судии во повисоките судови.[64] Измените во Деловникот, иако се предвидени како дел од нивниот мандат, бараат од членовите на Советот да ги образложат своите одлуки, особено кога гласаат против избор на судија, со цел да се погрижат одлуките да бидат индивидуализирани, засновани на објективни стандарди и да можат да се споредуваат доследно.[65] Дополнително, воведени се и конкретни рокови за постапките за утврдување на судска одговорност.[66] Ажурираните правила за рангирање сега ја разгледуваат и дополнителната работа на судиите и привремените упатувања и тие се бодуваат соодветно. Исто така, тие даваат приоритет на изборот на судии за повисоките судови врз основа на реалните квалитативни резултати.[67] Дополнително, во јуни 2024 година беше донесена Комуникациска стратегија на Судскиот совет (2024-2028) со Акциски план, чија цел беше да се донесат високите европски стандарди за комуникација на сите нивоа во судството.[68] Со ова, Советот целосно или делумно имплементираше пет од седумнаесетте препораки од оценската мисија на ЕУ со цел да го подобри своето работење без да бара законски измени.

По три неуспешни обиди, на седми јуни конечно беше избран член на Судскиот совет од редот на судиите на Врховниот суд на Република Северна Македонија.[69] Овој нов член, заедно со избраниот член од битолскиот Апелационен суд, го комплетира составот на Судскиот совет. Изборите беа спроведени правилно, со соодветно медиумско и јавно известување, а беа објавени и збирните резултати од гласањето.[70]

---

63 Соопштение од 480-та седница на Судскиот совет на РСМ – 29.02.2024 година, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3UcMlqy.

64 Соопштение од 488-та седница на Судскиот совет на РСМ – 29.05.2024 година, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/4bOlHLk.

65 Исто.

66 Исто.

67 Исто.

68 Соопштение од 490-та седница на Судскиот совет на РСМ – 10.06.2024 година, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/4cYkWAr.

69 Соопштение, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 7 јуни 2024, https://bit.ly/3LqhEdu.

70 По објавениот оглас, на 15 мај 2024 година, Судскиот совет ги утврди кандидатските листи за избор на членови и формираше Комисија за спроведување на изборите. На 03.06.2024 година, Советот извести и за повлекување на пријавата на еден судија-кандидат за избор за член на Судскиот совет од редот на судиите од Врховниот суд, без да наведе дополнителни детали за причината. Исто така, Советот уредно ја информираше јавноста за времето и времетраењето на постапката за избор. „Кандидатски листи за избор на членови на советот од редот на судиите“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија (блог), 22 април 2024, https://bit.ly/3xOQQk2.; Соопштение од 486-та седница на Судскиот совет на РСМ – 15.05.2024 година, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3S32Sgf.; Соопштение од 489-та итна седница на Судскиот совет на РСМ – 03.06.2024 година, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија (блог), https://bit.ly/3W6dLiJ.; Соопштение, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 5 јуни 2024, https://bit.ly/4cGm2RA.

## Независност и непристрасност

Со формирањето на новата влада, премиерот се наврати на своето изборно ветување за реформи во правосудството, објавувајќи ги плановите за распуштање на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители.[71] Тој предложи разрешување на досегашните членови и промена на изборниот процес за да се спречи партиско влијание.[72] Отсуството на конкретни детали и законски решенија во неговите изјави предизвика загриженост кај дипломатските претставници,[73] стручната јавност[74] и сега веќе поранешниот министер за правда,[75] кој предупреди на потенцијална концентрација на моќ и запирање на процесот на изборот на судии и обвинители, што на крајот ќе влијае на функционалноста на целокупниот судски систем. Премиерот ги отфрли реакциите на дипломатските претставништва како мешање во државните работи.[76] Дополнително, програмата на новата влада за Академијата за судии и јавни обвинители вклучува планови за нејзина поделба на две посебни институции (една за судии, една за јавни обвинители) и целосна ревизија на процесот на прием на кандидати.[77]

За да ја зајакне својата транспарентност и отчетност, Судскиот совет одржа брифинг на 26 април. На брифингот, Советот ги презентираше своите тековни активности за спроведување на препораките од оценската мисија на ЕУ и Годишниот извештај за 2023 година и се осврна на актуелните прашања што се однесуваат на Судскиот совет и судовите. Советот најави и планови за редовни брифинзи за медиумите.[78]

## Отчетност

Во мај 2024 година, судија на Врховниот суд, кој претходно се кандидираше за позиција во Судскиот совет, и покрај тековните дисциплински постапки против него и кој потоа се повлече за да овозможи неговиот син да биде именуван за судија, беше уапсен поради примање поткуп во износ од 10.000 евра за да одлучи во корист на обвинет.[79] По неговото апсење и претресот во Врховниот суд, собрани се докази, а се појавија и информации за вмешаност на член на Советот на јавни обвинители.[80] Ова доведе до претреси во домот и канцеларијата на членот поради нивното наводно здружено продавање информации од кривичните постапки на осомничени и обвинети лица.[81] Судскиот совет на итна седница на 21 мај му го одзеде имунитетот на судијата, одобри негов притвор и привремено го отстрани од функцијата[82] без јавно гласање[83] и без придржување кон законски пропишаните

71 Мицкоски бара двотретинско мнозинство за да донесе закон со кој ќе ги распушти Судскиот совет и Советот на јавни обвинители, Сакам да кажам, 6 јуни 2024, https://sdk.mk/index.php/makedonija/mitskoski-bara-dvotretinsko-mnozinstvo-za-da-donese-zakon-so-koj-ke-gi-raspushti-sudskiot-sovet-i-sovetot-na-javni-obviniteli/.

72 Документи – Предлог-програма за работа на Владата, официјална интернет-страница на Собранието на Република Северна Македонија, https://www.sobranie.mk/detali-na-materijal.nspx?param=3ae13141-ac9e-486a-950e-f603c34dcea4.

73 ЕУ и САД му дадоа поддршка на Судскиот совет, Дојче веле, 3 јули 2024, https://www.dw.com/mk/eu-i-sad-mu-dadoa-poddrska-na-sudskiot-sovet/a-69549287.

74 Цветановска: Распуштањето на Судскиот совет ќе постави опасен преседан и дополнително ќе ја наруши довербата во правосудството, Телма телевизија, 5 јуни 2024, https://telma.com.mk/2024/06/05/czvetanovska-raspushtaneto-na-sudskiot-sovet-ke-postavi-opasen-presedan-i-dopolnitelno-ke-ja-narushi-doverbata-vo-pravosudstvoto/.

75 Кренар Лога со писмо ја извести меѓународната заедница, официјална интернет-страница на Министерството за правда (блог), 4 јуни 2024, https://pravda.gov.mk/galerija/3394.

76 Фактор на денот: Премиерот реагира дека амбасадорите се мешаат во внатрешните работи и бара ако имаат решенија да понудат, Фактор, 4 јули 2024, https://faktor.mk/faktor-na-denot-premierot-reagira-deka-ambasadorite-se-meshaat-vo-vnatreshnite-raboti-i-bara-ako-imaat-reshenija-da-ponudat.

77 Документи – Предлог-програма за работа на Владата.

78 Одржан брифинг со претставници на медиумите, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија (блог), 26 април 2024, https://bit.ly/3Y2hikR.

79 Уапсен врховниот судија Наќе Георгиев, фатен е во моментот дека зема мито, кажа МВР, Сакам да кажам, 20 мај 2024, https://bit.ly/468ksp8.

80 Во шема со уапсениот врховен судија Георгиев, бил Иџет Мемети, член на Советот на јавни обвинители, осомничени дека продавале информации за пари, Сакам да кажам, 21 мај 2024, https://sdk.mk/index.php/makedonija/vo-shema-so-uapseniot-vrhoven-sudija-bil-idhet-memeti-chlen-na-sovetot-na-javni-obviniteli-osomnicheni-deka-prodavale-informatsii-za-pari/.

81 Исто.

82 Соопштение од 487-та итна седница на Судскиот совет на РСМ – 21.05.2024 година, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3zGApqq.

83 Иако почетокот на седницата беше јавен, а линк за неа беше објавен на официјалната интернет-страница на Советот, гласањето на членовите на Судскиот совет за одлуката не беше јавно. Според законот, исклучување на јавноста може да има само заради заштита на угледот и интегритетот на судијата, со соодветно известување на јавноста за причините за исклучувањето. Меѓутоа, кога се носи одлука со гласање на ваков тип седница, гласањето мора да биде и јавно. „Сите за правично судење“ за 487-та седница на Судскиот совет на РСМ, https://all4fairtrials.org.mk/wp-content/uploads/2024/05/34-JR-SS-052024.pdf.

одредби за определување притвор и привремена смена од функцијата.[84] Потоа, судија на претходна постапка при Основниот кривичен суд Скопје, на предлог на Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција, на судијата на Врховниот суд му изрече мерка притвор од 30 дена поради постоење основи на сомнение дека добил поткуп за незаконско влијание, наведувајќи го ризикот од попречување на кривичната постапка преку влијание врз сведоци.[85] Членот на Советот на јавни обвинители доби мерка претпазливост.[86]

## Професионализам и компетентност

Во извештајниот период, Судскиот совет избра четириесет и еден поротник: четворица за Основниот кривичен суд Скопје,[87] девет за Основниот суд Струга,[88] шеснаесет за Основниот суд Кавадарци, десет за Основниот суд Струмица и двајца за Основниот суд Радовиш.[89] Советот на јавни обвинители не избра ниту еден јавен обвинител.

## Квалитет на правдата

Како одговор на претставката поднесена од ВМРО-ДПМНЕ до Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) за прекршување на Изборниот законик и Законот за спречување на корупција и судир на интереси, со кои се забранува вработување и отпуштање во рамките на јавните институции од распишувањето на изборите до завршување на изборниот процес, Академијата за судии и јавни обвинители поднесе тужба.[90] Управниот суд на 13 април ја разгледа и ја прифати тужбата.[91] Последователно, тужбата ѝ беше вратена на ДКСК за понатамошна доработка.[92] На 19 април, ДКСК ја потврди својата одлука,[93] која подоцна беше потврдена и од Управниот суд (и покрај првичната одлука во корист на Академијата)[94] и од Вишиот управен суд, со што ја отфрли жалбата на Академијата.[95] Следствено, ДКСК почна иницијатива сите надлежни органи да ја утврдат одговорноста на директорката, претседателот и членовите на Управниот одбор на Академијата поради прекршување на законските прописи.[96]

84 Советот на барање на судија на претходна постапка одлучи да му го одземе имунитетот и да одобри притвор пред да се донесе судска одлука за притвор или да се одржи рочиште. Оваа одлука на Судскиот совет да одобри притвор пред судска одлука може да се смета дека го прејудицира исходот на постапката за притвор, која се води пред основен суд. Исто така, Советот одлучи и за привремена смена на судијата од функцијата. Согласно законот, ваква одлука се носи кога судијата е приведен, се води кривична постапка за кривично дело за кое е предвидена казна затвор од најмалку пет години или кога против него е иницирана постапка за одговорност, но ниту еден од овие услови не е исполнет во овој случај. Јавна реакција на Коалиција „Сите за правично судење“ за 487-та седница на Судскиот совет на РСМ.

85 Во шема со уапсениот врховен судија Георгиев, бил Иџет Мемети, член на Советот на јавни обвинители, осомничени дека продавале информации за пари.

86 Определени мерки за претпазливост за Иџет Мемети, А1 Оn, 23 мај 2024, https://a1on.mk/macedonia/opredeleni-merki-za-pretpazlivost-za-idzhet-memeti/.

87 Соопштение од 490-та седница на Судскиот совет на РСМ – 10.06.2024 година.

88 Соопштение од 491-та седница на Судскиот совет на РСМ – 24.06.2024 година, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/4d5qzgg.

89 Соопштение од 483-та седница на Судскиот совет на РСМ – 01.04.2024 година, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3S60Iwn.

90 АСЈО поднесе тужба до Управниот суд по одлуката на ДКСК, Mkd.mk, 12 април 2024, https://mkd.mk/asjo-podnese-tuzhba-do-upravniot-sud-po-odluka-ta-na-dksk/.

91 ДКСК повторно ќе постапува по приговорот на Силјановска-Давкова за кршење на изборните правила, Телма телевизија, 19 април 2024, https://telma.com.mk/2024/04/19/dksk-povtorno-ke-postapuva-po-prigovorot-na-siljanovska-davkova-za-krshene-na-izbornite-pravila/.

92 Исто.

93 ДКСК повторно одлучи во корист на Силјановска-Давкова, АСЈО треба да ја стави во мирување постапката за прием на 130 слушатели, официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 30 април 2024, https://bit.ly/3WpAlV5.

94 Управен суд: Неоснована е тужбата на АСЈО за одлуката на ДКСК, МИА – Медиумска информативна агенција, 22 април 2024, https://bit.ly/3xXaxGm.

95 Соопштение – Вишиот управен суд ја потврди одлуката на ДКСК во врска со приговорот од организатор на изборна кампања за вработувањата во Академијата за судии и јавни обвинители, официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 30 април 2024, https://bit.ly/3WpAlV5.

96 Иницијатива за утврдување одговорност за директорката и управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители, официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 23 мај 2024, https://bit.ly/3Lqp40o.

На 28 мај, работната група ги финализираше предлог-измените на Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, чија цел е да ги отстранат недостатоците идентификувани одоценската мисија на ЕУ и да се усогласат со Стратегијата за развој на правосудството. Клучните промени вклучуваат дефинирање на индивидуална дисциплинска одговорност за членовите на Советот, прецизно дефинирање на надлежностите и инволвираните тела, како и опис на правото на жалба. Предложените измени и дополнувања вклучуваат избор на членови на Советот од меѓууниверзитетската конференција и Адвокатската комора, за кои и за двете се бара повеќе од 20 години искуство. Се бара и поголемо судско искуство за членовите од редовите на судиите, односно да се зголеми од шест на 15 години, а работното искуство за членовите избрани од Собранието од да се зголеми од 15 на 20 години. Промените вклучуваат регулирање на изборниот процес за членовите на Советот избрани од Собранието, воведување изборен цензус што ќе бара повеќе од половина од регистрираните гласачи заради валидни избори за судии и обврска кандидатите за судии да добијат повеќе од половина од гласовите.[97] Нацрт-верзијата чека да се постави на Електронскиот национален регистар на прописи (ЕНЕР).

## Ефикасност

По девет круга неуспешно гласање, со четворица кандидати судии во игра и еден кандидат што се повлече,[98] уставните судии на деветти јуни избраа нов претседател на Уставниот суд,[99] кој ја наследи претходната претседателка, чиј мандат заврши на втори јуни.[100] Новиот претседател ќе ја извршува функцијата три години без право на реизбор.

Советот на јавни обвинители на седницата на 29 мај ја разгледа и ја потврди алармантната состојба во јавните обвинителства под Вишото јавно обвинителство Битола. Обвинителствата, особено во Охрид и Гевгелија, работат со 50% помалку јавни обвинители отколку што е потребно, што значително влијае на нивната ефикасност. За да се реши ова, Советот размислува да објави нови јавни обвинителски места[101] и да го продолжи рокот за упатување на друг јавен обвинител во Обвинителството во Гевгелија.[102]

97 Имплементирање на препораките од оценската мисија за Судскиот совет, официјална интернет-страница на Министерството за правда, 11 јуни 2024, https://www.pravda.gov.mk/vest/6704.

98 Вонредна вест: Ана Павловска Данева се повлекува, ќе добие ли Уставен претседател?, Телма телевизија, 3 јуни 2024, https://telma.com.mk/2024/06/03/vonredna-vest-ana-pavlovska-daneva-se-povlekuva-ke-dobie-li-ustaven-pretsedatel/.

99 Дарко Костадиновски е нов претседател на Уставен суд, 4 јуни 2024, https://kanal5.com.mk/darko-kostadinovski-e-nov-pretsedatel-na-ustaven-sud/a643416.

100 Заврши мандатот на претседателката Кацарска, Македонска Радио-Телевизија (МРТ), 29 мај 2024, https://mrt.com.mk/node/110303.

101 Оглас за избор на двајца јавни обвинители во Вишото јавно обвинителство Битола, официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, 27 јуни 2024, https://bit.ly/4cOSWzG.

102 Записник од 103-та седница на СЈОРСМ, официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3LonpZf.

# Борба против корупцијата

Според најновиот извештај „Земји во транзиција“ на Фридом хаус, рејтингот за корупција во Република Северна Македонија падна од 3,25 на 3,00 поради неколку обвинувања за корупција против високи функционери и последните измени на Кривичниот законик. Земјата заработи вкупна оценка од 46/100 и се смета за преоден или хибриден режим.[103]

## Државна комисија за спречување на корупцијата

ДКСК објави список од над 1.000 јавни институции, како министерства, општини, судови, болници, училишта и јавни претпријатија, кои не ја исполниле законската обврска да доставaт податоци за моторните возила со кои располагаат.[104] Овие податоци, што требаше да се доставaт десет дена по распишувањето на изборите за да се спречи политичка злоупотреба, според ДКСК не биле обезбедени од 75% од овие институции, што е причина за загриженост поради потенцијална корупција.[105]

На почетокот на јуни, ДКСК соопшти дека на нејзината интернет-страница јавно се достапни податоците од анкетните листови за имот и интереси доставени преку новиот електронски систем што беше пуштен во употреба на први јануари.[106] Овој систем има цел да ги надмине претходните недостатоци во оваа област, бидејќи во 2021 година ДКСК отвори 80 предмети за јавни службеници кои не поднеле анкетен лист, а ДКСК не можеше да поведе прекршочна постапка. Следствено, тие случаи сега се застарени.[107]

По конституирањето на новото Собрание, имаше соопштенија од сите министерства, чии министри станаа пратеници, дека нивните функции се префрлаат на замениците. Но, тоа не важеше за поранешниот премиер и претходниот министер за здравство, кои исто така станаа пратеници. Држењето на двете јавни функции доведе до реакција од страна на ДКСК, потсетувајќи на уставното начело за некомпатибилност на јавните функции и обврската за почитување на принципот на интегритет.[108] Тие препорачаа Собранието да им го одземе мандатот како пратеници, во спротивен случај против нив би била иницирана прекршочна постапка.[109] Собранието не му го одзеде мандатот на поранешниот премиер како пратеник. Сепак, тој изјави дека ќе се воздржи од пратеничките должности за да избегне каков било конфликт на интереси додека не се назначи нов премиер.[110] Поради ова, политичката партија Левица поднесе кривична пријава против претседателот на Собранието за несовесно работење во јавната служба.[111]

---

103 „Nations in Transit 2024: North Macedonia“ (Држави во транзиција 2024: Република Северна Македонија) (Freedom House, 11 април 2024), https://freedomhouse.org/country/north-macedonia/nations-transit/2024.

104 Над 1.000 институции не доставиле податоци со колку возила располагаат, велат од Антикорупциската комисија, 360 степени, 1 април 2024, https://360stepeni.mk/nad-1-000-institutsii-ne-dostavile-podatotsi-so-kolku-vozila-raspolagaat-velat-od-antikoruptsiskata-komisija/.

105 ДКСК: Постои сомнеж за злоупотреба на службени возила на изборите, Prizma.mk, 4 април 2024, https://prizma.mk/dksk-postoi-somnezh-za-zloupotreba-na-sluzhbeni-vozila-na-izborite/?fbclid=IwAR1sS5yZvp2pFccoR4KiN4goLBcG7e-RRppcw2XbXfKnq0aE8solYFs5_2I.

106 Соопштение, официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 3 јуни 2024, https://bit.ly/4c1AzWU.

107 ДКСК: Застареа околу 80 предмети – функционери ниту поднесоа анкетен лист, ниту платија глоба, Слободен печат, 12 јуни 2024, https://www.slobodenpecat.mk/dksk-zastarea-okolu-80-predmeti-funkcioneri-nitu-podnesoa-anketen-list-nitu-platija-globa/.

108 Антикорупциска ги повикува избраните функционери да ги почитуваат уставните и законските обврски, Civil Media, 31 мај 2024, https://civilmedia.mk/antikoruptsiska-gi-povikuva-izbranite-funktsioneri-da-gi-pochituvaat-ustavnite-i-zakonskite-obvrski/.

109 Од 300 до 500 евра тежи казната за двете функции на Талат Џафери и Илир Демири – ДКСК со став дека Собранието треба да ги разреши, Телма телевизија, 3 јуни 2024, https://telma.com.mk/2024/06/03/od-300-do-500-evra-tezhi-kaznata-za-dvete-funkczii-na-talat-dhaferi-i-ilir-demiri-dksk-so-stav-deka-sobranieto-treba-da-gi-razreshi/.

110 Собранието нема да му го одземе мандатот на пратеникот Талат Џафери, Телма телевизија, 7 јуни 2024, https://telma.com.mk/2024/06/07/sobranieto-nema-da-mu-go-odzeme-mandatot-na-pratenikot-talat-dhaferi/.

111 Левица поднесе кривична пријава против Африм Гаши поради неодземањето на мандатот на Талат Џафери, A1 On, 27 јуни 2024, https://a1on.mk/macedonia/levica-podnese-krivichna-prijava-protiv-afrim-gashi-poradi-neodzemanjeto-na-mandatot-na-talat-dzhaferi/.

ДКСК има отворено вкупно 45 предмети поврзани со постоење сомнеж за повреди во изборниот процес поврзани со вработувања, поведување дисциплински постапки, сомнежи за вонредни плаќања од јавни институции и организирање јавни настани.[112]

Во овој период, ДКСК донесе одлука за незаконско разрешување на медицинскиот директор на Клиниката за токсикологија и директорот на Државната кардиохирургија од страна на министерот за здравство поради кршење на законите за спречување на корупциските и изборните закони и здравствената заштита.[113] Се осврнаа и на случајот за конфликт на интереси и непотизам кога градоначалник ја унапредил сопругата од соработничка во советничка[114] и почна истрага за имотот на организациската директорка на Универзитетската клиника за токсикологија – Скопје заради неусогласеност на двата поднесени анкетни листа.[115]

## Јавно обвинителство

По иницијатива на ДКСК,[116] поднесен е обвинителен акт против актуелниот директор на Агенцијата за млади и спорт, неговиот претходник, првиот човек на Македонскиот олимписки комитет и уште девет други лица за сторени кривични дела злоупотреба на службената положба и несовесно работење во службата.[117] Овие лица се обвинети дека ги игнорирале критериумите за доделување средства согласно системот на ваучери и во повеќе наврати ги доделувале спортските ваучери на незаконски начин уште од 2020 година на фаворизирани корисници, федерации и клубови поврзани со поединци, групи, па дури и политички партии.[118] Судската постапка за овој случај е почната, а против обвинетите се изречени делумни мерки на претпазливост.[119]

Измените на Кривичниот законик меѓу другите имаше импликации и врз предметот „Империја“, бидејќи Апелациониот суд Скопје го врати предметот на повторно судење во надлежниот основен суд, кој, пак, донесе одлука за условен отпуст на поранешниот прв човек на Управата за безбедност и контраразузнавање на крајот на оваа година.[120] За преостанатите обвинети во предметот, Основното јавно обвинителство (ОЈО) Скопје одлучи делумно или целосно да ги повлече обвиненијата против нив.[121]

---

112 Антикорупциска оформила 45 предмети поврзани со изборите, 360 степени, 5 мај 2024, https://360stepeni.mk/antikoruptsiska-oformila-45-predmeti-povrzani-so-izborite/.

113 ДКСК: Незаконски се разрешувањата на директорите на Токсикологија и Кардиохирургија, Слободен печат, 10 јуни 2024, https://www.slobodenpecat.mk/dksk-nezakonski-se-razreshuvanjata-na-direktorite-na-toksikologija-i-kardiohirurgija/.

114 ДКСК: Градоначалник си ја унапредил сопругата во советник во неговата општина, Телма телевизија, 12 јуни 2024, https://telma.com.mk/2024/06/12/dksk-gradonachalnik-si-ja-unapredil-soprugata-vo-sovetnik-vo-negovata-opshtina/.

115 ДКСК ќе го проверува имотот на директорката на Токсикологија, Бесија Иљази, доставила два различни анкетни листови, MakPress.mk, 23 мај 2024, https://m.makpress.mk/Home/PostDetails?PostId=588697.

116 Поднесено обвинение за распределбата на спортските ваучери, за 12 лица се бараат мерки на претпазливост, 360 степени, 30 април 2024, https://360stepeni.mk/podneseno-obvinenie-za-raspredelbata-na-sportskite-vaucheri-za-12-litsa-se-baraat-merki-na-pretpazlivost/.

117 Мојсоски, Каевски и Димевски обвинети за злоупотреби со спортските ваучери, Телма телевизија, 30 април 2024, https://telma.com.mk/2024/04/30/mojsoski-kaevski-i-dimevski-obvineti-za-dodeluvaneto-na-sportski-vaucheri/.

118 Лидија Раичевиќ: Случајот со ваучерите на АМС е специфичен по многу нешта, има штета од над 5 милиони евра, Nezavisen.mk, 27 јуни 2024, https://nezavisen.mk/lidija-raichevikj-sluchajot-so-vaucherite-na-ams-e-specifichen-po-mnogu-neshta-ima-shteta-od-nad-5-milioni-evra/.

119 Случај „Спортски ваучери“ – Мојсоски, Каевски и Димевски ќе се јавуваат во суд, но ќе ги задржат пасошите, Телма телевизија, 10 мај 2024, https://telma.com.mk/2024/05/10/sluchaj-sportski-vaucheri-mojsoski-kaevski-i-dimevski-ke-se-javuvaat-vo-sudot-no-ke-gi-zadrzhat-pasoshite/.

120 Мијалков доби условен отпуст од струшкиот затвор, во декември излегува на слобода, 360 степени, 1 април 2024, https://360stepeni.mk/mijalkov-dobi-usloven-otpust-od-strushkiot-zatvor-vo-dekemvri-izleguva-na-sloboda/.

121 Измените на Кривичниот законик со последици и врз предметот „Империја“, Телма телевизија, 7 јуни 2024, https://telma.com.mk/2024/06/07/izmenite-na-krivichniot-zakonik-so-posledici-i-vrz-predmetot-imperija/.

# Темелни права

Извештајот на Стејт департментот на САД за човековите права во Република Северна Македонија во 2023 година утврди дека нема значајни промени во оваа област во текот на изминатата година. Во него се наведуваат различни важни прашања, на пример: строги ограничувања на слободата на изразување и слободата на медиумите, вклучително и насилство и закани со насилство против новинари, сериозна владина корупција и кривични дела што вклучуваат насилство и закани со насилство упатени кон лезбијки, геј, бисексуални, трансродови, квир или интерсексуални лица, и заклучува дека владата презела само ограничени чекори за да ги идентификува и да ги казни службените лица кои можеби ги повределе нивните човекови права.[122]

## Судска практика на Европскиот суд за човекови права

Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) донесе пресуда на 14 мај по предметот Митевска против Република Северна Македонија. Случајот се однесуваше на неможноста на жалителката, која била посвоена како дете, да добие информации за нејзиното биолошко потекло и здравствени информации за нејзините биолошки родители, бидејќи релевантните органи ги третираат информациите во врска со завршеното посвојување согласно домашното законодавство како службена тајна што не можат да бидат споделени. ЕСЧП пресуди дека има повреда на член 8 од Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП), бидејќи домашните власти не успеале да постигнат рамнотежа помеѓу спротивставените интереси во прашање. Последователно, судот ѝ наложи на земјата да ѝ исплати на жалителката 4.500 евра за нематеријална штета и 1.440 евра за трошоците и давачките поврзани со постапката.[123]

Во јуни, ЕСЧП донесе пресуда и во предметот Влаисавлевиќ против Република Северна Македонија. Предметот се однесува на домашните судови што не го заштитиле жалителот од незаконско собирање и користење на неговите лични податоци од страна на приватен снабдувач со електрична енергија, бидејќи снабдувачот постојано му фактурирал за услуги што не ги користел. ЕСЧП утврди повреда на член 8 од ЕКЧП, пресудувајќи дека судовите не го заштитиле соодветно правото на приватност на жалителот. Судот ѝ наложил на државата да му исплати на жалителот надоместок во износ од 1.400 евра за нематеријална штета.[124]

122 „Годишен извештај за состојбата со човековите права во Република Северна Македонија за 2023 година" (Стејт департмент на САД, 23 април 2024), https://www.state.gov/reports/2023-country-reports-on-human-rights-practices/north-macedonia/.

123 ECtHR, „Case of Mitrevska v. North Macedonia (Случај Митревска против Република Северна Македонија (А. бр. 20949/21)", 14 мај 2024, https://bit.ly/4d1U56Y.

124 ECtHR, „Case of Vlaisavlevikj v. North Macedonia (Случај Влаисавлевиќ против Република Северна Македонија (А. бр. 23215/21)", 25 јуни 2024, https://hudoc.echr.coe.int/#{%22tabview%22:[%22document%22], %22itemid%22:[%22001-234420%22]}.

## Народен правобранител

Од денот на почнувањето на кампањата за избор на претседател на Република Северна Македонија до парламентарните и претседателските избори во Република Северна Македонија, Народниот правобранител најави дека ќе биде отворена телефонска линија за пријавување повреди на избирачкото право.[125] Ова им овозможи на граѓаните да пријавуваат неправилности за време на предизборниот период и во деновите на изборите, што го поттикна Народниот правобранител да преземе итни мерки за заштита на нивните загарантирани права.[126] Од канцеларијата на Народниот правобранител информираа дека на денот на вториот круг на претседателските избори и парламентарните избори примиле триесет телефонски пријави и една лична пријава за повреда на избирачкото право на граѓаните, во најголем дел тврдејќи дека биле прашани дали сакаат да гласаат на изборите.[127]

## Тортура и други форми на сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување

На средината на мај, Европскиот комитет за спречување на тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казнување (КСТ) го објави извештајот за својата периодична посета на Република Северна Македонија, која се одржа во октомври 2023 година. Делегацијата на КСТ направи процена на третманот на лицата кои престојуваат во четири затвори, воспитно-поправна установа за малолетници и две психијатриски болници. Во извештајот се забележани одредени подобрувања во затворите во однос на хигиената и условите во ќелиите. Сепак, има многу обвинувања за полициско малтретирање, како и за наводна корупција меѓу вработените во затворите. Има инциденти на физички пресметки меѓу осудените и затворската полиција, а во некои затвори има пренатрупаност. Во врска со посетата на двете психијатриски болници, беше оценето дека пациентите генерално биле соодветно третирани. Сепак, забележани се неофицијални практики на сегрегација на пациенти, како и практики на врзување пациенти за кревети со метални синџири и катанци – што се смета за нехумано и понижувачко постапување и мора да престане веднаш.[128]

125 Народниот правобранител отвори бесплатна телефонска линија за пријавување повреда на избирачкото право, официјална интернет-страница на Народниот правобранител на Република Северна Македонија, 4 април 2024, https://bit.ly/4brdOLH.

126 Народниот правобранител отвори бесплатна телефонска линија за пријавување повреда на избирачкото право, Радио МОФ, 23 април 2024, https://www.radiomof.mk/narodniot-pravobranitel-otvori-besplatna-telefonska-linija-za-prijavuvanje-povreda-na-izbirachko-pravo/.

127 Народниот правобранител примил 30 повици и една лична пријава за повреда на избирачкото право, 360 степени, 8 мај 2024, https://360stepeni.mk/narodniot-pravobranitel-primil-30-povitsi-i-edna-lichna-prijava-za-povreda-na-izbirachkoto-pravo/.

128 „Report to the Government of North Macedonia on the visit to North Macedonia carried out by the European Committee for the Prevention of Torture and Inhuman or Degrading Treatment or Punishment (CPT) from 2 to 12 October 2023" [Извештај до Владата на Република Северна Македонија за посетата на Република Северна Македонија од страна на Европскиот комитет за спречување на тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казнување (КСТ) од 2 до 12 октомври 2023 година] (European Committee for the Prevention of Torture and Inhuman or Degrading Treatment or Punishment, 15 мај 2024), https://rm.coe.int/1680af95e2.

## Затворски и притворски установи

Според Годишната казнена статистика на Советот на Европа за 2023 година, објавена на почетокот на јуни, стапката на затворени лица во Република Северна Македонија достигна 142 затвореници на 100.000 жители, што бележи годишен пораст од 25,5 отсто и е втора земја со највисока стапка.[129] Според ова, не е за изненадување фактот што податоците на Народниот правобранител открија дека вкупно 2.499 осудени лица издржуваат казна во затворите низ државата, што е 386 лица над капацитетот на тие установи.[130] Дополнителни алармантни податоци открија дека 119 осуденици избегале од „Идризово“, најголемиот затвор во државата, а 24 сè уште се во бегство.[131]

Пренатрупаноста во „Идризово“, како и лошите услови, биле причина за физички пресметки меѓу осудените лица,[132] обиди за бегство,[133] повреди на затворската полиција[134] и многубројни други инциденти[135] во периодот опфатен со овој извештај. Надлежните државни органи реагирале со координирана акција во затворите,[136] запечатување на потенцијални тунели за бегство[137] и поведување истрага против 17 припадници на затворската полиција осомничени за помагање при бегство на лица лишени од слобода и незаконско ослободување лица лишени од слобода.[138] Инциденти на физички пресметки меѓу осудените лица[139] и масовни протести на затворските полициски службеници поради лошите услови за работа и недоволната кадровска екипираност имаше и во други затвори низ државата во истиот период.

129 „Prison overcrowding remains a problem in Europe: Council of Europe’s Annual Penal Statistics for 2023“ (Пренатрупаноста во затворите и понатаму претставува проблем во Европа: Годишна казнена статистика на Советот на Европа за 2023 година), официјална интернет-страница на Советот на Европа (блог), 6 јуни 2024, https://www.coe.int/en/web/tirana/-/prison-overcrowding-remains-a-problem-in-europe-council-of-europe-s-annual-penal-statistics-for-2023.

130 Затвореници земаат слободни викенди и не се враќаат, за една година евидентирани 119 бегства од затворот во Идризово, Слободен печат, 4 април 2024, https://www.slobodenpecat.mk/zatvorenici-zemaat-slobodni-vikendi-i-ne-se-vrakjaat-za-edna-godina-evidentirani-119-begstva-od-zatvorot-vo-idrizovo/.

131 Исто.

132 Масовна тепачка во затворот во Идризово, Alsat M, 27 јуни 2024, https://alsat.mk/mk/masovna-tepachka-vo-zatvorot-vo-idrizovo/.

133 Детали: Полицајци од „Идризово“ ослободиле осуден за убиство – наместо во болница, тој се шетал низ Скопје, Skopje1.mk, 15 април 2024, https://skopje1.mk/archives/285999.

134 Четворица вработени во „Идризово“ завршиле на Токсикологија откако вчера избувнал пожар во женското одделение, 360 степени, 22 мај 2024, https://360stepeni.mk/chetvoritsa-vraboteni-vo-idrizovo-zavrshile-na-toksikologija-otkako-vchera-izbuvnal-pozhar-vo-zhenskoto-oddelenie/.

135 Обвинителство: Прибрани се траги и обезбедени се снимки од околните камери каде што беше запален автомобилот на КПУ „Идризово“, 360 степени, 15 мај 2024, https://360stepeni.mk/obvinitelstvo-pribrani-se-tragi-i-obezbedeni-se-snimki-od-okolnite-kameri-kade-beshe-zapalen-avtomobilot-na-kpu-idrizovo/.

136 Обвинителство влезе со специјалци и излезе со еден куп предмети од затворот Идризово, Сител телевизија, 11 април 2024, https://sitel.com.mk/obvinitelstvo-vleze-so-specijalci-i-izleze-so-eden-kup-predmeti-od-zatvorot-idrizovo.

137 Спроведени превентивни мерки: Неутрализација на сите опции за бегство – распоредена машина за бетонирање за затворање на стари тунели во затворот Идризово, Lider.mk, 11 април 2024, https://lider.mk/sprovedeni-preventivni-merki-neutralizacija-na-site-opcii-za-begstvo-rasporedena-mashina-za-betoniranje-za-zatvoranje-na-stari-tuneli-vo-zatvorot-idrizovo/.

138 Истрага против шестмина затворски полицајци и уште 11 опфатени со предистражна постапка, официјална интернет-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 15 април 2024, https://jorm.gov.mk/istraga-protiv-shestmina-zatvorski-policajci-i-ushte-11-opfateni-so-predistrazhna-postapka/.

139 Две групи затвореници се степале во штипскиот затвор, на едната тргнале да ѝ помогнат и лица однадвор, 360 степени, 15 април 2024, https://360stepeni.mk/dve-grupi-zatvorenitsi-se-stepale-vo-shtipskiot-zatvor-na-ednata-trgnale-da-pomognat-i-litsa-odnadvor/.

## Заштита на личните податоци

По јавен повик[140] објавен од страна на Агенцијата за заштита на личните податоци (АЗЛП) за претставниците на контролорите од јавниот сектор активно да се вклучат во изработката на новата стратегија за заштита на личните податоци 2024-2030, на средината на мај се одржа работилница за нејзина подготовка. Во оваа пригода, учесниците разговараа за предизвиците со кои се соочуваат во однос на заштитата на личните податоци на работното место, потенцијалните стратешки цели и колку се тие приоритетни, активностите и индикаторите, како и временската рамка за постигнување на целите од новата стратегија.[141]

Од мај почна да се применува Правилникот за начинот на управување со кредитниот ризик, со што се отежнува злоупотребата на личните податоци за брзи кредити, што се случуваше претходно.[142] Правилникот налага барателите на кредит да бидат идентификувани било лично во финансиското друштво или преку безбеден електронски систем за идентификација во согласност со законот.[143]

## Слобода на мисла, свест и вера

Во Меѓународниот извештај на Стејт департментот на САД за верски слободи за 2023 година се истакнува дека помалите протестантски цркви пријавиле фаворизирање од страна на владата на Македонската православна црква – Охридска архиепископија (МПЦ-ОА) и на Исламската верска заедница (ИВЗ), наведувајќи ги поголемите привилегии што им се дадени на овие групи. Во извештајот, исто така, се посочува дека во текот на годината Хелсиншкиот комитет за човекови права примил дванаесет пријави за говор на омраза на интернет базиран на верата, споредено со двата случаи во 2022 година и триесетте во 2021 година.[144]

140 Повик за учество на работилница за изработка на Стратегија за заштита на личните податоци 2024-2030 година, официјална интернет-страница на Агенцијата за заштита на лични податоци на Република Северна Македонија (блог), 23 април 2024, https://bit.ly/46tpxZl.

141 Работилница за подготовка на новата Стратегија за заштита на личните податоци 2024-2030 година, официјална интернет-страница на Агенцијата за заштита на лични податоци на Република Северна Македонија (блог), 20 мај 2024, https://bit.ly/4d12SGl.

142 Повеќе нема издавање брзи кредити без физичко присуство на клиентот, Vecer.mk, 14 април 2024, https://bit.ly/3A8sSB6.

143 Правилник за начинот на управување со кредитниот ризик на финансиско друштво, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 82/2024 и 107/2024.

144 Меѓународниот извештај за верски слободи за 2023: Република Северна Македонија (Канцеларија на Стејт департментот на САД за меѓународни верски слободи, 26 јуни 2024), https://www.state.gov/reports/2023-report-on-international-religious-freedom/north-macedonia/.

## Слобода на изразување

Република Северна Македонија го подобри своето рангирање според Светскиот индекс за слобода на медиумите на Репортери без граници. Земјата моментално е рангирана на 36. место од 180 земји, што е мало искачување од претходното 38. место. Иако целокупното опкружување се смета за поволно за слободата на медиумите, извештајот ги нагласува предизвиците како што се силната политичка поларизација и притисокот врз медиумите од властите, политичарите и бизнисмените на национално и на локално ниво, бавното усогласување на законодавството со стандардите на ЕУ и заканите и нападите врз новинари. Во него се заклучува дека јавниот радиодифузен сервис нема уредувачка или финансиска независност.[145]

Имаше напад и на новинарска екипа за време на митинг на политичка партија на првиот ден од изборната кампања. Новинар и снимател биле вербално нападнати од еден од учесниците на митингот. Организаторите на митингот рекоа дека не го забележале ниту го предизвикале овој инцидент.[146] Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) го осуди инцидентот и посочи дека ваквите чинови можат да го попречат правото на граѓаните да бидат информирани за изборите.[147] Исто така, имаше инцидент со попречување на работата на новинарка за време на првиот круг од претседателските избори кога член на избирачки одбор ја спречил да ги фотографира просториите дури и откако таа се претставила како новинарка.[148] ЗНМ поднесе претставка до ДИК, на која ДИК одговориле дека пред изборите биле дадени јасни насоки до сите изборни органи дека нивната работа е јавна и транспарентна и дека медиумските работници слободно можат да излезат на избирачките места и да снимаат и фотографираат, притоа почитувајќи ја тајноста на личните податоци на граѓаните и тајноста на гласањето.[149]

Уште еден неповрзан инцидент се случи набргу по оние споменати погоре, кога основач и уредник на онлајн-медиум беше уапсен поради попречување на работата на службено лице.[150] Уредничкиот тим на медиумот изјави дека ваквиот чин е политички мотивиран и претставува обид за притисок врз слободното новинарство. ЗНМ и Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ) апелираа веднаш да се реши случајот и политичките партии да не го користат за изборната кампања.[151] ААВМУ се приклучи кон овој апел,[152] а набргу по ваквиот притисок новинарот беше ослободен,[153] додека се чека на понатамошна кривична постапка против него.[154]

145 Слободата на медиумите во Република Северна Македонија задоволителна, забележа „Репортери без граници", Глас на Америка, 3 мај 2024, https://mk.voanews.com/a/slobodata-na-pechatot-vo-severna-makedoni%D1%98a-na-zadovolitelno-nivo-zabelezha-reporteri-bez-granici-/7592495.html.

146 Вербално нападната екипа на ТВ 24 на митингот на ВМРО-ДПМНЕ, партијата го осуди и се огради од инцидентот, 360 степени, 5 април 2024, https://360stepeni.mk/verbalno-napadnata-ekipa-na-tv-24-na-mitingot-na-vmro-dpmne-partijata-go-osudi-i-se-ogradi-od-intsidentot/.

147 ЗНМ: Осуда за нападот кон новинарската екипа на ТВ 24 на првиот ден од политичката кампања, Радио МОФ, 5 април 2024, https://www.radiomof.mk/znm-osuda-za-napadot-kon-novinarskata-ekipa-na-tv24-na-prviot-den-od-politichkata-kampanja/.

148 ЗНМ: Претставка до ДИК за попречување на работата на новинарката Мери Јордановска, Радио МОФ, 24 април 2024, https://www.radiomof.mk/znm-pretstavka-do-dik-za-poprechuvanje-na-rabotata-na-novinarkata-meri-jordanovska/.

149 ДИК со порака до изборните органи: Медиумските работници непречено да ја вршат својата работа, Радио МОФ, 2 мај 2024, https://www.radiomof.mk/dik-so-poraka-do-izbornite-organi-mediumskite-rabotnici-neprecheno-da-ja-vrshat-svojata-rabota/.

150 МВР со детали за апсењето на новинарот Салиу, Слободен печат, 7 април 2024, https://www.slobodenpecat.mk/mvr-so-detali-za-apsenjeto-na-novinarot-saliu/.

151 ЗНМ: Новинарот Фуркан Салиу да биде пуштен на слобода, а МВР да ја информира јавноста за причините за неговото приведување, A1 On, 7 април 2024, https://a1on.mk/macedonia/znm-novinarot-furkan-saliu-da-bide-pushten-na-sloboda-a-mvr-da-ja-informira-javnosta-za-prichinite-za-negovoto-priveduvanje/.

152 АВМУ го повикува МВР веднаш да го расчисти случајот со апсењето на новинарот Салиу, Brif.mk, 7 април 2024, https://www.brif.mk/avmu-go-povikuva-mvr-vednash-da-go-raschisti-sluchajot-so-apseneto-na-novinarot-saliu/.

153 Приведен па ослободен новинарот Фуркан Салиу, медиумските организации бараат расчистување на случајот, Радио МОФ, 8 април 2024, https://www.radiomof.mk/priveden-pa-osloboden-novinarot-furkan-saliu-mediumskite-organizacii-baraat-raschistuvanje-na-sluchajot/.

154 ЗНМ и ССНМ: ОЈО да ја отфрли неоснованата кривична пријава на МВР кон новинарот Салиу, Радио МОФ, 13 април 2024, https://www.radiomof.mk/znm-i-ssnm-ojo-da-ja-otfrli-neosnovanata-krivichna-prijava-na-mvr-kon-novinarot-saliu/.

## Правата на детето

Според Државниот завод за статистика (ДЗС), бројот на пријавени деца кои го прекршиле законот во 2023 година е намален за 8,5% во однос на 2022 година, а бројот на деца осудени за кривични дела е зголемен за 17,2%. Пријавени се 433 деца, од кои 287 добиле предлог за казна или мерка против нив. За 110 предмети не е поведена постапка, а за 36 предмети постапката е прекината. 307 деца биле осудени затоа што биле прогласени за виновни за кривични дела против имотот, кривични дела против јавниот ред, кривични дела против животот и телото или кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај.[155]

## Ранливи групи и начелото на недискриминација

Според Годишниот извештај за 2023 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) примила вкупно 520 претставки, што претставува пораст од 109,68% во споредба со 2022 година, самоиницијативно отворила три предмети, а сè уште работат на 76 предмети што сè уште се отворени од претходната година. КСЗД утврдила дискриминација во 59 предмети, додека во 118 предмети не утврдила дискриминација. За 315 претставки бил донесен заклучок за непостапување и одлучила да не постапува, а во 29 случаи бил донесен заклучок за неповедување или запирање на постапката. Пријавените случаи се однесуваат на областите на јавно информирање и медиуми (48,18%), работата и работните односи пристап (24,86%), образование, наука и спорт (8,03%), пристап до добра и услуги (5,93%), социјална сигурност, вклучително и областа на социјалната заштита, пензиското и инвалидското осигурување, здравственото осигурување и здравствената заштита (4,02%), членство и дејствување во политички партии, здруженија, фондации, синдикати и други организации засновани на членство (4,02%), правосудство и јавна администрација (3,25%), домување (1,34%) и култура (0,96%).[156]

Во изминатите три месеци, до КСЗД се поднесени 77 претставки од граѓани, а таа има донесено 37 мислења, од кои во 16 случаи утврдила дискриминација.[157] Меѓу другото, имаше и случај со едно кафуле во Скопје кое ги дискриминирало жените со хиџаб со тоа што им забранило влез во просториите,[158] наставник и ученици со оштетен слух биле малтретирани и понижувани поради нивната попреченост од друг вработен во средно училиште за глуви ученици[159] и тригодишно девојче кое има церебрална парализа било дискриминирано од вработена во игротека што не ѝ дозволила на мајката да остане со неа додека си игра, дури и откако родителите ѝ објасниле за нејзината состојба.[160]

155 Во 2023 биле пријавени 433 деца во судир со законот, а 307 биле осудени, Скопје инфо, 31 мај 2024, https://skopjeinfo.mk/vo-2023-bile-prijaveni-433-deca-vo-sudir-so-zakonot-307-bile-osudeni.

156 Комисија за спречување и заштита од дискриминација, „Годишен извештај на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) за 2023 година" (2024), https://bit.ly/3yky83M, пристапено на 15 јули 2024.

157 Извештај за постапувањето на КСЗД по претставки за заштита од дискриминација период април-јуни 2024 година (Комисија за спречување и заштита од дискриминација, јули 2024), https://bit.ly/3Su1gg3.

158 Кафуле во Скопје дискриминира жени што носат шамија и не ги услужува, Слободен печат, 17 мај 2024, https://www.slobodenpecat.mk/kafule-vo-skopje-diskriminira-zheni-shto-nosat-shamija-i-ne-gi-usluzhuva/.

159 „Нема да дозволиме глувите да одлучуваат за училиштето", викала професорка на глас за глува колешка, ги дискриминирала и децата во училиштето за глуви нарекувајќи ги „глувтари", Сакам да кажам, 18 мај 2024, https://bit.ly/4fEiPUH.

160 Тригодишно дете со церебрална парализа било избркано од детска игротека, утврди КСЗД, Слободен печат, 18 јуни 2024, https://www.slobodenpecat.mk/trigodishno-dete-so-cerebralna-paraliza-bilo-izbrkano-od-detska-igroteka-utvrdi-kszd/.

Во текот на овој извештаен период, КСЗД даде мислења во врска со измените и дополнувањата на законите за основно и средно образование. КСЗД предложува измена на Законот за основно образование со вклучување мерки за десегрегација поврзани со соодветна интеграција на учениците Роми во образовниот систем[161] согласно пресудата на ЕСЧП во случајот Елмазова и други против Република Северна Македонија.[162] Во однос на предлог-законот за средно образование, КСЗД предложи да се воведе поинклузивен јазик, да се укине секоја сегрегација и дискриминација, вклучително и по основа на родов идентитет и да се воведат мерки што обезбедуваат поголема поддршка на учениците со попреченост.[163]

Здружението за промоција и развој на инклузивно општество „Инклузива“ од Куманово на годинешните избори ги идентификуваше истите прашања за лицата со попреченост, како и на претходните. При набљудувањето на избирачките места во три града, тие утврдиле дека некои немаат пристап за оние што користат медицински помагала поради нефункционални лифтови или нивно отсуство, а избирачките места не биле на приземје. За да се реши ова, Здружението препорача измена на упатствата за гласање за болни и изнемоштени лица кои гласаат од дома за да се вклучат и лицата со попреченост.[164]

161 Мислење по предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за основно образование во однос на спроведување на пресудата Елмазова и други против Република Северна Македонија (Комисија за спречување и заштита од дискриминација, 23 април 2024), https://kszd.mk/wp-content/uploads/2024/04/mislenje-KSZD-ZOO-Elmazova.pdf.

162 ECtHR, „Case of Elmazova and others v. North Macedonia Случај Елмазова и други против Република Северна Македонија (А. бр. 11811/20 и 13550/20)“, 13 декември 2022, https://bit.ly/3i92CxS.

163 Мислење по предлог-законот за средно образование (Комисија за спречување и заштита од дискриминација, 23 мај 2024), https://bit.ly/46unp3j.

164 Инклузива: Непристапни гласачки места во Скопје, Куманово и Велес, Civil Media, 26 април 2024, https://civilmedia.mk/inkluziva-nepristapni-glasachki-mesta-vo-skopje-kumanovo-i-veles/.

## Род

За време на изборната кампања, девет политички партии се обврзаа да ги почитуваат препораките од Кодексот за однесување за борба против насилството врз жените во политиката и изборните процеси, со што изразија волја да се спротивстават на употребата на сила или заплашување од страна на носители на јавни функции, функционери на политички партии и нивните поддржувачи за постигнување политички цели.[165] Сепак, оваа иницијатива не го намали ширењето на мизогени коментари во традиционалните медиуми, онлајн-медиумите и социјалните медиуми за време на изборната кампања, ниту, пак, го спречи дигиталното насилство врз жените кандидати, вклучително и злоупотребата на визуелна содржина на социјалните медиуми.[166]

И покрај изборните резултати со кои земјата ја доби првата жена претседател, застапеноста на жените во новото Собрание и Владата е малку намалена. Првичниот состав на Собранието има само третина пратенички (40) наспроти 78 пратеници, што е помалку од 43-те пратенички во претходниот состав на Собранието.[167] Слично на тоа, новиот состав на Владата брои само три министерки Македонки, од вкупно 24, што е за две помалку од бројот на министерки во претходниот состав.[168] Платформата за родова еднаквост изрази сериозна загриженост поради недоволната вклученост на жените на високи позиции кои имаат влијание и кои одлучуваат поради недостаток на политичка волја и несоодветна поддршка од политичките партии.[169]

Во случај на фемицид, што се случи по обиди за изнуда, закани и следење кон крајот на септември,[170] надлежниот суд донесе пресуда за кривично дело убиство извршено при родово-засновано насилство и на брутален начин. Сторителот на ова дело доби доживотна казна затвор, со што судот покажа чувствителност да го класифицира делото како убиство поврзано со родово-засновано насилство и соодветно да го казни сторителот.[171]

По долгогодишно семејно насилство, една жена ги уби сопругот и неговиот татко додека била тепана од сопругот.[172] ОЈО Куманово поведе истрага за двојното убиство,[173] а Платформата за родова рамноправност побара делото да се преквалификува во дело во самоодбрана, со оглед на тоа што обвинетата многу години била жртва на насилство, а системот не успеал да ја заштити.[174]

165 Политичките партии ги поддржаа препораките од Кодексот за однесување за борба против насилството врз жените во политиката и во изборните процеси, официјална интернет-страница на Македонското женско лоби, 17 април 2024, https://bit.ly/4ftMn75.

166 Бојана Јовановска и Сара Миленковска, „Анализа на родово-базирани содржини: Политичарките и медиумската пристрасност“ (Институт за комуникациски студии, 17 јуни 2024), https://respublica.edu.mk/wp-content/uploads/2024/07/politicharkite-i-mediumskata-pristrasnost_final.pdf.

167 [Инфографик] Една третина жени и само двајца млади во новиот состав на македонското Собрание, Радио МОФ, 28 мај 2024, https://www.radiomof.mk/infografik-edna-tretina-zheni-i-samo-dvajca-mladi-vo-noviot-sostav-na-makedonskoto-sobranie/.

168 Жените во Владата на Мицкоски оставени на страна, нема ниту една министерка Албанка, Meta.mk, 25 јуни 2024, https://meta.mk/zhenite-vo-vlada-ta-na-mickoski-ostaveni-na-strana-nema-nitu-edna-ministerka-albanka/.

169 Реакција на Платформа за родова еднаквост: Недоволна застапеност на жените на извршните позиции во новата Влада, Радио МОФ, 26 јуни 2024, https://www.radiomof.mk/reakcija-na-platforma-za-rodova-ednakvost-nedovolna-zastapenost-na-zhenite-na-izvrshnite-pozicii-vo-novata-vlada/.

170 Убиство во Кочани – маж 40 пати изболел 46-годишна жена, Телма телевизија, 25 септември 2023, https://telma.com.mk/2023/09/25/ubistvo-vo-kochani-mazh-40-pati-izbodel-46-godishna-zhena/.

171 Убиецот зад кочанскиот фемицид доби доживотна казна, Meta.mk, 18 април 2024, https://meta.mk/ubiecot-zad-kochanskiot-femicid-dobi-dozhivotna-kazna/.

172 Нови детали за убиството во Кратово – жената-сторител на убиството пријавувала семејно насилство, но пријавувале и против неа, Телма телевизија, 14 јуни 2024, https://telma.com.mk/2024/06/14/novi-detali-za-ubistvoto-vo-kratovo-zhenata-storitel-na-ubistvoto-prijavuvala-semejno-nasilstvo-no-prijavu-vale-i-protiv-nea/.

173 Мажот ја тепал и давел осомничената за двојното убиство во Кратово, соопшти Обвинителството, Телма телевизија, 15 јуни 2024, https://telma.com.mk/2024/06/15/mazhot-ja-tepal-i-davel-osomnichenata-za-dvojnoto-ubistvo-vo-kratovo-soopshti-obvinitelstvoto/.

174 Самоодбрана, а не убиство со умисла – Платформата за родова еднаквост контра Обвинителството за двојното убиство во Кратово, Телма телевизија, 18 јуни 2024, https://telma.com.mk/2024/06/18/samoodbrana-a-ne-ubistvo-so-umisla-platformata-za-rodova-kontra-obvinitelstvoto-za-dvojnoto-ubistvo-vo-kra-tovo/.

## Говор на омраза

На почетокот на јуни, во ОЈО Скопје беше избрана јавна обвинителка која ќе ги следи случаите на кривични дела од омраза и на дискриминација. Таа има овластување да ги надгледува постапките и да воспостави контакт со тужителите и ГО кои ги застапуваат оштетените странки.[175]

## ЛГБТИ+

На 22 јуни Скопје беше домаќин на својата петта по ред Парада на гордоста под слоганот „Спектакуларно непослушен". Организаторите изјавија дека слоганот претставува пркос против патријархатот и слави пет години од парадата, која привлече стотици граѓани кои парадираа во мирна атмосфера.[176]

## Роми

Политичката партија на Ромите Аваја го изрази своето разочарување од резултатите од парламентарните избори и од целиот процес, кој, според нив, се водел со манипулации, масовен поткуп и притисок врз гласачите Роми. Исто така, тие истакнаа дека очекувањата на ромскиот електорат не се исполниле, бидејќи во новиот парламентарен состав нема ниту еден пратеник Ром.[177]

Министерството за образование и наука (МОН) во втората половина на мај откри потенцијална злоупотреба на квотата на државна стипендија за Роми. Осум студенти кои се пријавиле за државна стипендија за редовни студенти Роми на повикот на МОН, откако се изјасниле како дел од ромската заедница, не добиле стипендија. МОН открило дека овие студенти при запишувањето на високообразованите установи се изјасниле како припадници на други етнички заедници, со што спречиле злоупотреба на квотите.[178]

175 Номиниран јавен обвинител за следење на предметите од омраза и дискриминација во ОЈО Скопје, Радио МОФ, 8 јуни 2024, https://www.radiomof.mk/nominiran-javen-obvinitel-za-sledenje-na-predmetite-od-omraza-i-diskriminacija-vo-ojo-skopje/.

176 Под мотото „Спектакуларно непослушни" петтата парада на гордоста маршираше во Скопје, Сакам да кажам, 22 јуни 2024, https://sdk.mk/index.php/makedonija/pod-mototo-spektakularno-neposlushni-pettata-parada-na-gordosta-marshirashe-vo-skopje/.

177 Аваја: За првпат нема пратеник Ром во Собранието, Слободен печат, 3 јуни 2024, https://www.slobodenpecat.mk/avaja-za-prvpat-nema-pratenik-rom-vo-sobranieto/.

178 Македонци се пишале Роми за да добијат стипендија, но МОН ги разоткри, Слободен печат, 21 мај 2024, https://www.slobodenpecat.mk/makedonci-se-pishale-romi-za-da-dobijat-stipendija-no-mon-gi-razotkri/.

